# Здружените граѓани најдобро го штитат ЈАВНИОТ ИНТЕРЕС

Научени лекции од проектот „Поврзи ги точките“



# СОДРЖИНА


1. Вовед 5

2. Граѓанска коалиција за подобро владеење и поголем ангажман на граѓаните во општеството 6

3. Новинарството од јавен интерес повторно во фокусот на медиумите 24

4. Заедничките теми што ги мачат граѓаните од регионот на Западен Балкан 31

5. Рамноправно учество на жените 34

6. Успешна приказна: Колку нѐ чинат малите хидроцентрали? 42

7. Успешна приказна: Рампа за беззаконието во урбанизмот и градењето 49

8. Пандемијата на ковид-19 наметна сопствена динамика и различни теми од јавен интерес 54

9. Методологија 58

10. Проектот низ бројки 60

# 1 ВОВЕД

Институтот за комуникациски студии (ИКС) го спроведе проектот „Поврзи ги точките“, преку кој создадовме граѓанска коалиција што им овозможува на граѓанскиот сектор, академската заедница, медиумите и јавните институции да соработуваат за подобро владеење.

Во текот на проектот се фокусиравме на заштитата на јавниот интерес и зајакнувањето на новинарството од јавен интерес. Давајќи простор за различни ставови, покренавме теми што беа маргинализирани во традиционалните медиуми и помогнавме тие да станат главни во медиумското известување.

Нашата главна стратегија за проектот „Поврзи ги точките“ беше соработка помеѓу различни засегнати страни на повеќе нивоа, со употреба на различни алатки, кои донесоа добри резултати:

- Поврзување на граѓанското општество, академската заедница, медиумите и јавните институции во процес на соработка што овозможува подобро управување и ангажман на граѓаните во општеството.
- Обновен фокус во медиумите на новинарството од јавен интерес.

Дијалогот, здружувањето и соработката беа главните механизми на нашето работење на проектот. Клучните резултати од проектот покажаа дека јавниот притисок може да ги натера институциите подобро да работат. Граѓаните може да преземат активности за прашања од јавен интерес кога ќе им бидат понудени информации за ефикасноста на институциите. Се разбира, потребно е да имаат платформа преку која може да се информираат и едуцираат за тоа какво влијание на квалитетот на нивниот живот имаат одлуките што ги носат и политиките што ги создаваат институциите. Проектот покажа дека здружените чекори што се резултат на создавањето коалиции може да доведат до подигање на јавната свест за клучните политики и одлуки на институциите.

# 2 ГРАЃАНСКА КОАЛИЦИЈА ЗА ПОДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ И ПОГОЛЕМ АНГАЖМАН НА ГРАЃАНИТЕ ВО ОПШТЕСТВОТО

Транспарентноста и доброто управување со јавните институции честопати претставуваат предизвик во младите или кревки демократии како што е Северна Македонија, каде што дебатата на национално ниво со години се фокусира на демократизацијата, владеењето на правото, социјалната кохезија и квалитетот на животот.

Климатските промени, грижата за животната средина и биодиверзитетот, користењето и менаџирањето на природните ресурси се маргинализирани теми. Недостигот од јавна дебата и притисокот за транспарентност на институциите за тоа како се користат ресурсите во областа на животната средина беа основа за отпочнување процес во кој граѓанскиот сектор ќе побара и ќе отвори дијалог со централните и локалните јавни институции, заради пошироки консултации при донесувањето одлуки и креирањето на јавните политики.

Нашето искуство во Институтот за комуникациски студии (ИКС) покажува дека кога граѓанскиот сектор заеднички ќе настапи за прашања од јавен интерес низ транспарентен процес, редовно информирајќи ја јавноста, може да се постигнат добри резултати.

# Алијанса „Разбистри сè“

Ја формиравме Алијансата за застапување и лобирање „Разбистри сè“ за да промовираме и да се залагаме за одржливо користење и заштита на водните ресурси и за ефективен надзор врз неконтролираната употреба на природните ресурси. Почнавме со 21 граѓанска организација и две граѓански иницијативи, а подоцна Алијансата прерасна во мрежа од 84 партнер, меѓу кои 41 од граѓанскиот сектор, 36 медиуми, четири факултети и три јавни институции. Организациите што станаа дел од Алијансата имаат искуство во работење на различни теми, како што се животната средина, младите, родовите прашања, владеењето на правото, економијата и европските политики.

За потребите на кампањата „Разбистри сè“, како теми од јавен интерес ги избравме одржливото користење и заштитата на природните ресурси, тргнувајќи од следните причини:

- Двете теми се утврдени како јавен интерес во националните политики и во законодавството (Законот за заштита на животната средина, Законот за води).
- Покрај влијанието врз животната средина, тие исто така влијаат на јавното здравје, што е уште една тема од јавен интерес на национално ниво.
- „Одржливото користење и заштитата на природните ресурси се однесуваат на „заедничкото јавно добро“, на општата благосостојба и безбедноста и благосостојбата на сите лица во заедницата“ – дефиниција на Мрежата за етичко новинарство од Обединетото Кралство, која беше користена во проектот „Поврзи ги точките“.

Искуството на Алијансата покажа дека кога граѓанските организации и медиумите ќе ги здружат силите за заеднички да работат на одредено прашање, резултатите се поголеми. Ваквиот начин на работа на проектот стана практика не само за прашањата што беа дел од кампањата, туку граѓанските организации бараа и добиваа меѓусебна поддршка и за прашања надвор од темите на кампањата, што покажува дека се создала доверба, дека Алијансата стекнала интегритет.

Кампањата за застапување и лобирање „Разбистри сѐ“ почна во декември 2020 година. Откако ги завршивме обуките за застапување и лобирање, ја основавме Алијансата и ги утврдивме главните теми. Веднаш по промовирањето, повеќе од 60 лица, претставници на државни институции, медиуми, академската заедница и граѓанските организации, ѝ се приклучија на кампањата. Претседателот на државата, министерот за животна средина и просторно планирање и неговата заменичка, директорите на Државниот завод за ревизија и Државниот инспекторат за шумарство и ловство ја поддржаа кампањата, а Управата за хидрометеоролошки работи, ЈП „Водовод и канализација“ – Скопје и Државниот инспекторат за животна средина се приклучија кон неа. Меѓусебната поддршка овозможи директна комуникација со Алијансата и заемно разбирање за тоа како да се продолжи понатаму, односно како јавните институции подобро да ги менаџираат ресурсите.

Алијансата ги поврза точките на повеќе нивоа преку поврзување на институциите од централната и локалната власт, граѓанскиот сектор, истражувачите, новинарите. За да зајакне дијалогот со институциите и да се влијае на процесите преку кои тие носат одлуки и креираат политики, вклучивме организации што се занимаваат со прашања на животната средина и имаат експертиза за животната средина, правото, економијата. Заради пошироко влијание врз јавната свест, вклучивме и организации што работат во други области, како што се младите, родовата еднаквост, европските прашања, човековите права.

### Лилјана Поповска,

**Зелен институт: Скапоцената мрежа од повеќе организации доведе до добри резултати**

Се зголеми довербата помеѓу граѓанските организации, се запознавме подобро. Се најдовме организации и луѓе што посветено работат на одредени прашања и се создадоа експертски групи што ќе можат да работат и во иднина. Треба да се обезбеди одржливост на ваквите мрежи што се повеќеслојни и повеќесекторски, бидејќи тука беа вклучени и високообразовни, научни, државни и локални институции, се мобилизираа многу новинари. Сето тоа заедно со граѓанските организации е една скапоценост во оваа борба за животната средина, која навистина бара сериозна посветеност.

## Што велат партнерите во Алијансата

### Мартин Пушевски,

**МРТ: Мрежата е добро поставена, треба да продолжи**

Алијансата е чекор напред кон почиста животна средина. Се овозможи добра медиумска промоција и соработката со ИКС беше одлична. Сметам дека може да продолжи, за да се врши притисок за поквалитетни политики и решенија, а мрежата е добро поставена.




## Успеавме да се вклучиме во дијалог со институциите

Комуникацијата меѓу членките на Алијансата и неформалното хоризонтално поврзување се покажаа како ефективен механизам за влијание врз политиките.

Алијансата „Разбистри сè“ успеа да се вклучи во дијалог со институциите во подготовката на закони и креирањето политики, како што беше случајот со Законот за води и со Законот за минерални суровини. Во постапката за донесување на Законот за води граѓанските организации беа вклучени од самиот почеток во консултациите со надлежните институции и по прифаќањето на предлозите за измени, нацрт-законот беше објавен на ЕНЕР, по што следуваше и јавна расправа. Кога се отвори дијалогот, каналот на комуникација со креаторите на политиките им овозможи на академската заедница, експертите и на граѓанскиот сектор да бидат вклучени во подготовката на законите.

Организираниот и здружен пристап на различните граѓански организации за заедничка тема како што е животната средина доведе до засилена соработка помеѓу организациите на централно и локално ниво и профилирање на некои од организациите со различната експертиза што ја поседуваат. Тоа беше особено корисно за помалите организации, или за оние што дејствуваат локално.

Покрај академската заедница и граѓанскиот сектор, партнери во Алијансата беа и медиумите, кои одблиску работеа со другите членки на Алијансата на истражување и известување за темите. На тој начин станаа фактор во служба на заштитата на јавниот интерес и стекнаа доверба кај публиката.

Алијансата „Разбистри сѐ“ функционираше како неформална мрежа, а ние во ИКС бевме одговорни за планирање, администрирање и надзор врз кампањата. Активностите на партнерите опфаќаа широк спектар, од поддршка на граѓански иницијативи до водење конкретна компонента од кампањата.

Во соработка со повеќе експерти, спроведовме детално истражување на темите за проектот. Проектот ни овозможи да ги видиме во пракса придобивките од науката и покажа дека академската заедница може да биде дел од креирањето политики. Универзитетските професори и истражувачите дадоа придонес, помогнаа во мерењата и проценките, своите активности ги засноваа на науката и фактите, презентираа анализи и нудеа решенија. На пример, мерењето на квалитетот на водата во Дојранско, Беровско и Тиквешко Езеро го спроведе Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип, со насоки и препораки. Експертите исто така дадоа придонес за тоа како може да се регулира управувањето со природните ресурси.

## Што велат партнерите во Алијансата

### Стефан Ристовски,

**Институт за европска политика (ЕПИ): Вмрежувањето со други организации е особена вредност**

Би обрнале внимание на брзата мобилизација на невладините организации и индивидуалците кон заеднички реакции на владините политики и кон институциите во процесите на донесување одлуки. Темите со кои се занимава алијансата „Разбистри сè“ се од исклучителна важност и оваа платформа покажа дека има капацитет да работи на овие прашања.

### Мимоза Мустафаи,

**Прес онлајн: Кампањата доведе до промена на еколошката свест**

Кампањата доведе до промена на еколошката свест кај граѓаните, а локалните власти посериозно ќе се зафатат со заштитата на еколошките и јавните добра. Ќе се подобрува делот на заштитата на изворите на вода, а исто така ќе се инвестира во терцијарните и секундарните мрежи на води. Реките, исто така, ќе бидат приоритет за локалните власти, а ќе има и повеќе паркови и зелена животна средина.



## Ја принудивме власта да повлече закон

Неформалниот пристап на Алијансата се покажа многу ефикасен. Кога на партнерите им беше потребно брзо да реагираат на надворешни настани, во Алијансата имаше значителна соработка и флексибилност. На пример, во почетокот на кампањата Алијансата откри дека до Собранието е доставен потенцијално штетен нацрт-закон за измени и дополнувања на Законот за минерални суровини. Па така, Алијансата успеа брзо да се организира, да побара од пратениците, политичките партии и од Владата да ја прекинат постапката. Алијансата јавно ги обелодени слабостите во нацрт-законот, со тоа што јасно ја истакна својата позиција и барањата упатени кон сите страни. Министерството за економија го повлече законот на понатамошна доработка и ја покани Алијансата да учествува во процесот, прифаќајќи некои од нејзините коментари и предлози.

Флексибилноста на работата на Алијансата и средината пријатна за соработка во која работеа партнерите, овозможи да се отворат и прашања надвор од темите на кампањата. Пример за ова се активностите за заштита на природното богатство Водно, или статусот на Охридскиот регион како природно и културно светско наследство под покровителство на УНЕСКО. Партнерите се вклучија во дебата за најдобрите стратегии за овие прашања, или пак им дадоа поддршка на екоактивистите. За успешна дебата на организациите што работат на истата тематска област особено корисно е кога има релативно опуштени услови за дискусија. Во таква атмосфера претставниците на организациите неформално споделуваат информации, си даваат меѓусебна поддршка и доаѓаат до решенија на заедничките проблеми. Ваквиот пристап исто така може да биде од корист за претставниците на различните сектори, кои на овој начин можат да добијат поинаква перспектива за темите, но исто така и да стекнат меѓусебна доверба.

# Што велат партнерите во Алијансата

## Бојан Трпевски,

**Македонско здружение на млади правници: Алијансата позитивно придонесе да се подобрат законите**

Со активностите за застапување преку медиумите и граѓанските организации, вклучувањето во изменувањето закони (Законот за води, Законот за минерални суровини, Законот за инспекција во животната средина) и поддршката на институциите од аспект на транспарентноста и ефикасното работење, кампањата позитивно придонесе за подобрување на состојбите. Истовремено, воспоставената соработка и комуникација помеѓу граѓанските организации доведе и до формирање на Граѓанскиот инспекциски совет, како нова форма на организирано настапување и работење на граѓанските организации во областа на животната средина. Начинот на комуникација и заедничка работа што се воспостави во кампањата е добра основа за понатамошно позитивно влијание врз политиките.




## Подготвивме онлајн-ресурси за застапување и лобирање за граѓанските организации

Во ИКС работевме со граѓанскиот сектор и со медиумите на зајакнување на капацитетите преку спроведување обуки за застапување и лобирање. Обезбедивме ресурси и поддршка за партнерите, како и алатки што им се потребни за да работат на заштита на јавниот интерес и на критичко оценување на работата на институциите.

За да овозможиме граѓанскиот сектор да продолжи со критичка анализа и по завршувањето на проектот, подготвивме и објавивме онлајн-ресурси за граѓанските организации за застапување и лобирање. Ресурсите може да ги користат здруженија на граѓани и други организации што работат на слични проекти или пак спроведуваат слични активности, а ќе помогнат и при создавање нови коалиции, кои ќе имаат корист од овој проект.

Некои од членките на Алијансата се мали организации, па партнерството им беше од корист за пренесување искуства, насочување низ процесот и поддршка со промотивни материјали, како и односи со медиумите. Секој партнер во Алијансата беше еднаков, можеше да се слушне гласот и на големите и на малите организации. Сите беа еднакво вклучени во консултативните процеси за законските решенија, промоцијата, кампањите во медиумите, застапувањето и лобирањето. Поддршката се приспособуваше за секоја организација во согласност со нејзините потреби, од односи со медиумите до поддршка при организацијата на настани, како и формулирање клучни пораки и општи насоки за односите со јавноста.

Алијансата со својата работа придонесе за клучни промени во општеството. Покажа дека здружувањето на граѓанскиот сектор, академската заедница и медиумите може да биде функционално и ефективно за отворање дијалог со јавните институции за заштита на јавниот интерес. Докажа дека е значајно граѓанскиот сектор да биде активен и да бара одговори од владините институции, да влијае на институционалната култура за да се дојде до подобра транспарентност и отчетност.



# Што велат партнерите во Алијансата

## Стефани Спировска,

**Младински образовен форум (МОФ): Алијансата дефинитивно треба да продолжи, проблемите во животната средина остануваат**

Во јавноста се отворија прашања што дотогаш не беа јавно опфатени, а додадена вредност е што голем број млади активно се вклучија во креирањето содржини во кампањата, од што може да се очекува нивно активно делување на темата и во иднина. Алијансата дефинитивно треба да продолжи. Темите на кампањата не се нешто што запира тука, проблемите со кои се занимава кампањата остануваат, можеби само во различна форма и интензитет.

## Како владините институции одговорија на кампањата

- Во партнерство со Државниот инспекторат за животна средина (ДИЖС) создадовме алатка што им овозможува на граѓаните да ги користат социјалните медиуми, интернет-страницата или електронската пошта на Инспекторатот за да пријават загадување. На овој начин се подобрува процесот на пријавување и реагирање на инспекторите, затоа што сега тие имаат можност сите пријави да ги добиваат на едно место и поефикасно да ги планираат инспекциите.

- Во соработка со ДИЖС, формиравме Граѓански инспекциски совет (ГИС), кој обединува триесетина граѓански организации и високообразовни институции што се залагаат за заштита на животната средина. Советот овозможува поефикасна соработка на граѓанскиот сектор и граѓаните со Инспекторатот, како централна институција за надзор и санкционирање на загадувањето и уништувањето на животната средина.

- ГИС и Алијансата „Разбистри сè“ доставија амандмани на предлог-законот за инспекциски надзор во животната средина, кој е во собраниска постапка. Амандманите се однесуваат на конзистентно решение за координација на државните и локалните инспектори, функционален надзор од ДИЖС врз локалните инспектори, посуштински процес на планирање на инспекциските надзори, достапност на инспекторите по работното време и за време на викенди, опремување на инспекторите и зајакнување на транспарентноста. Претходно, Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) прифати дел од забелешките на ГИС во Предлог-законот за инспекција во животната средина што се однесуваат на транспарентноста и отчетноста на ДИЖС, како, на пример, да води база на податоци за инспекциски надзор и негов регистар на субјекти.

- ДИЖС изработи дигитална платформа за електронски регистар на субјекти на инспекциски надзор на државно и локално ниво, како и база на податоци и генерирање извештаи од инспекциските надзори, кои ќе бидат достапни за јавноста на интернет-страницата на Инспекторатот.

- Алијансата „Разбистри сè!“ воспостави соработка со Министерството за економија за Законот за минерални суровини за кој за првпат имаше поширoки консултации со граѓанското општество, рударската индустрија и со пратеници во парламентот. Предлог-законот за минерални суровини повторно е во собраниска постапка откако под јавен притисок на Алијансата „Разбистри сè“ беше повлечен и преработен.

Анализата на новиот предлог покажува дека предлог-законот е сериозно подобрен и прифатени се повеќето од предлозите на Алијансата, која при подготовката на законскиот текст учествуваше на неколку консултативни состаноци во Министерството за економија. Во предлог-законот прецизирани се постапките за добивање и раскинување концесии, а зголемени се и обврските на концесионерите кон државата. Сепак, сè уште недостигаат некои барања на Алијансата за поголема транспарентност при издавањето концесии на локалните жители, поголемо почитување на еколошките параметри при ископувањето песок и чакал од реките и езерата и подобро регулирање на хидројаловиштата како потенцијално најопасни места во рударските комплекси. Затоа Алијансата подготви предлог-амандмани што ги достави до Собранието и пратениците.

- Изработена е дигитална платформа за мониторинг на Управата за хидрометеоролошки работи за квалитетот на површинските води. Дигиталната платформа за мониторинг го подобри системот за собирање податоци и јавно се достапни оценките и инспекциските служби за мониторингот. Со ова се овозможува создавање интегрален и опсежен преглед на податоци собрани преку мерењата на водите и ефикасни мониторинг-програми.

- МЖСПП подготви дигитална платформа за Водна книга, која ќе биде јавно достапна. Водната книга содржи база на податоци во која ќе се чуваат и одржуваат податоците што се неопходни за ефикасно управување со водите во земјава, како и податоци за физички и правни, домашни и странски субјекти, кои добиле дозволи или концесии за користење води и водни ресурси.

Измените во Законот за водите отвораат поголеми можности за заштита на водните ресурси откако МЖСПП вклучи граѓански организации и експерти од Алијансата „Разбистри сѐ“ во најраната фаза на изработката на законот. Од исклучително значење е тоа што се вклучува јавноста во доделување на концесии за користење на вода, попрецизно се регулира изградбата и функционирањето на малите хидроцентрали, а уредувањето и регулирањето на речните корита и езерските крајбрежја ќе има приоритет пред црпењето и продажбата на песок и чакал. Исто така, заострени се условите за издавање дозволи за користење на водите, зајакната е контролата при испуштање отпадни води, особено во подземните води, и се засилува инспекцискиот надзор.

# Што велат партнерите во Алијансата

## Катерина Михаилов Велјановска,

**ЈП Водовод и канализација – Скопје: Кампањата понуди решенија за реалните проблеми**

Спроведената кампања „Разбистри сè“ е успешна, имајќи ги предвид темите, прашањата и проблемите што јавно и транспарентно беа изнесени, а во текот на нивната обработка за дел од нив беа понудени и соодветни решенија што се однесуваат на корените од каде што произлегуваат проблемите, односно на законските промени. Очекувани промени, како резултат на кампањата, се преземање чекори и реални мерки за соработка меѓу сите надлежни институции за решавање на проблемите и прашањата што како такви беа изнесени во кампањата и поткревање на јавната свест.



# 3 НОВИНАРСТВОТО ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС ПОВТОРНО Е ВО ФОКУСОТ НА МЕДИУМИТЕ

Медиумите во Северна Македонија најчесто известуваат за актуелни теми, а ретко има примери на истражувачко новинарство и приказни од јавен интерес. За разлика од тоа, медиумските содржини подготвени во текот на проектот „Поврзи ги точките“ овозможија медиумите да се пренасочат кон новинарството од јавен интерес, известување со подобар квалитет, кон уредувачки пристап што им дава повеќе простор на прашањата од јавен интерес во новинарските приказни.

Во проектот „Поврзи ги точките“ медиумите беа партнери и можеа однатре да ги поддржат процесите. Медиумските содржини обработуваа конкретни теми, презентираа нови прашања, нови луѓе и содржини. Додека работеа на конкретни теми, новинарите имаа целосна поддршка. Можеа да користат различни ресурси и алатки, едукативни и стручни содржини, добија пристап до научници, експерти, различни бази на податоци, но најважно е дека имаа креативна слобода да ги моделираат своите прилози без политичко или бизнис-влијание, водени единствено од јавниот интерес.

Проектот ги определи областите на јавен интерес што дотогаш ги немаше во медиумското известување, или беа маргинализирани, како на пример управувањето со водните ресурси и инспекцискиот надзор врз прекумерното користење на природните ресурси – водата, шумите и минералните суровини.



Покрај тоа што ги презентираа главните проблеми и предизвици, медиумските содржини се фокусираа на наоѓање решенија. Тие се совпаѓаа со целите на кампањата - подигање на јавната свест за животната средина, зголемување на влијанието на граѓаните во креирањето нови или измена на постоечките политики, како и овозможување подобар дијалог со јавните институции во процесите на донесување мерки и политики.

Во медиумските содржини соодветен простор добија младите, пред сè младите истражувачи, екоактивистите, екоамбасадорите, експертите, луѓето што презентираа можни решенија, веродостојни податоци и аргументи. Амбициозната коалиција за застапување успеа животната средина, менаџирањето на природните ресурси и урбанизмот и планирањето да станат теми од јавен интерес за поголем број медиуми во Северна Македонија.

## Што велат партнерите во Алијансата

**Катерина Топалова,**
**МРТ: Јавниот сервис е должен да отвора горливи теми**

Самото медиумско актуализирање на горливите проблеми поврзани со нашите реки значи голем успех бидејќи влијае на едукација, подигање на свеста и притисок врз институциите. Кампањата доведе до поголема застапеност на слични проблеми во медиумите. Јавниот сервис е должен да отвора вакви горливи теми.





## Дигиталните медиумски платформи на Институтот за комуникациски студии во проектот „Поврзи ги точките“

ДОМА е дигитална платформа чиј главен фокус се биодиверзитетот, природните опасности, одржливоста на екосистемите, одржливиот развој, како и инвестирањето во животната средина. На платформата соработуваме со мрежа од научници, претставници на академската заедница, со медиумите и со јавните институции за да подготвиме и да објавиме медиумски содржини што содржат проверени податоци.

ДОМА ги „поврзува точките“ меѓу научното гледиште, институционалната одговорност и заштитата на јавниот интерес. Институциите од кои ДОМА бара одговор истовремено добиваат платформа каде што можат да ги пласираат своите ставови. ДОМА на овој начин придонесува граѓаните да бидат поинформирани и ги поттикнува активно да се ангажираат за заштита на животната средина.

Младите истражувачи од областа на природните науки често се дел од платформата што ги мотивира да работат на нови истражувачки проекти. ДОМА им дава простор на екоамбасадорите на национално и регионално ниво, кои со несебичен труд стигнале до решенија важни за заштитата на животната средина. Покрај тоа што работи на национално ниво, ДОМА работи и со партнери од регионот, со кои ги истражува регионалните природни ресурси, опасности и закани за животната средина.

**РесПублика** (**ResPublica**) е платформа што презентира различни независни ставови за прашања од јавен интерес од професори, аналитичари, истражувачи, новинари, граѓански активисти, стручњаци од различни области, јавни службеници и студенти. РесПублика им овозможува на граѓаните да се информираат од веродостојни извори на различни теми и да донесуваат информирани одлуки. РесПублика е бесплатен ресурс и сите граѓани може слободно да читаат, да споделуваат или да преобјавуваат содржини во согласност со професионалните стандарди на политиката за коментари.

Медиумите исто така ги користат содржините што се објавуваат на оваа платформа, особено поради тоа што РесПублика го пополнува јазот што постои меѓу медиумите и нивната потреба од континуиран и сигурен извор на информации што се неопходни за продлабочена анализа на прашањата од јавен интерес.

**Само прашај** е дигитална платформа на ИКС преку која одговараме на прашања од граѓаните, истражуваме и информираме за теми од јавен интерес. Нашата платформа е препознатлива како мост меѓу граѓаните и институциите бидејќи овозможува да се пробие нетранспарентноста на јавниот сектор. Преку интерактивните алатки на оваа веб-страница и социјалните медиуми, граѓаните може да поставаат прашања за проблемите што ги мачат и да добијат релевантни одговори од институциите и од граѓанскиот сектор.

Истовремено, „Само прашај“ преку истражувачки новинарски стории, анализи, видеоприлози, фотоприказни и интервјуа информира за важни општествени теми од јавен интерес што се подзаборавени од традиционалните медиуми. На тој начин, ја будиме свеста на македонската јавност за суштински проблеми од секојдневието што го нарушуваат квалитетот на живеење и бараме акција од надлежните за нивно решавање.

„Само прашај“ нуди и едукативни ресурси што им овозможуваат на граѓаните полесно да се снајдат во административните лавиринти и да ги разберат општествените проблеми. На овој начин, „Само прашај“ создава активно граѓанство, кое ќе бара транспарентност и отчетност од институциите и заедно со нив, со граѓанскиот сектор и со медиумите, ќе придонесе за решавање на општествените проблеми.

# Што велат партнерите во Алијансата

## Назим Рашиди,

**АЛСАТ–М: Работевме на теми за кои претходно не сме размислувале**

Кампањата помогна за фокус на темите. На пример, имаше ТВ-прилози што претходно немаше да се работат, како на пример за загаденоста на водите што се употребуваат за наводнување. Се овозможи поголемо информирање на темата, кое го немаше претходно. Корисно е што медиумите беа вклучени од почетокот на креирањето на кампањата. Алијансата беше успешна затоа што отвори можности за подготовка на теми за кои претходно не сме размислувале и овозможи да дојдеме до повеќе експерти и извори на информации.

# 4 ЗАЕДНИЧКИ ТЕМИ ШТО ГИ МАЧАТ ГРАЃАНИТЕ ОД РЕГИОНОТ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН

Истражувањето за потребите на проектот „Поврзи ги точките“ утврди дека доброто управување и транспарентноста на јавните институции се теми од заеднички интерес во земјите на Западен Балкан. Овие теми станаа уште поважни откако во регионот заеднички се соочивме со катастрофалните последици од пандемијата на ковид-19. Тимот на РесПублика го увиде потенцијалот на заедничките теми за да започне дебата што ѝ овозможи на публиката од регионот да види различни гледишта.

РесПублика објави повеќе блогови, влогови и поткасти, кои често ги преведувавме на албански, босански, македонски, српски, црногорски и англиски јазик. Во медиумските содржини доминираат заеднички теми, како што се на пример, начинот на кој регионот се справува со ковид-19 кризата, корупцијата, транспарентноста на владините мерки, слободата на медиумите... Новинари, експерти, влијателни личности, претставници од граѓанскиот сектор и од државните институции од повеќе држави - сите тие го искористија своето искуство за да споделат аналитички ставови за актуелните прашања. Тоа е нашата главна предност - да допреме до различни земји и публики со нашите содржини. Беше презентиран широк спектар на ставови, точни бројки и официјални податоци, што придонесе за веродостојност на медиумските содржини. Тимот за техничка поддршка подготви одлични визуелни прикази на медиумските содржини, што помогна сложените теми и прашања да бидат прикажани на начин што е лесно приемчив за публиката.



Работата на проектот покажа дека можедаимаквалитетнасоработкасодруги организации од регионот. РесПублика има 44 партнери од граѓанскиот сектор, интернет-медиумите, радиото, како и блог-платформите за политики од Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Грција, Косово, Словачка, Словенија, Србија, Црна Гора и Хрватска. Предност во соработката е подигањето на свеста за одредени теми од регионално значење и можноста нашата публика да следи различни перспективи и гледишта. Луѓето треба да знаат што се случува на Западен Балкан и во поширокиот регион.

РесПублика обезбеди платформа за гледиштата во општеството што не беа застапени во другите медиуми. Овие ставови особено не беа често претставувани во традиционалните медиуми. Проширувањето на медиумските содржини со автори од регионот покажа дека има интерес и желба за соработка на Западен Балкан. Медиумите треба да ги споделуваат регионалните искуства. Тоа можеби не е нешто ново, но е повеќе од потребно.



Она што може да се направи во иднина е да се утврдат најважните теми што го засегнуваат регионот и го привлекуваат вниманието на публиката, професионално да се истражат и да се стават во локален контекст при известувањето. ИКС има искуство со регионални проекти во минатото. Искуството го искористивме да најдеме партнери од регионот за овој проект. Создавањето врски меѓу клучните фактори ја отвора вратата за идни партнерства на различни теми од заеднички интерес, особено во контекст на интеграциите во ЕУ и НАТО.

## Што велат партнерите во Алијансата

### Југослава Поленак,

**Слободен печат: Јавноста сега има појасна слика за проблемите во животната средина**

Спроведената кампања „Разбистри сè" е успешна, имајќи ги предвид темите, прашањата и проблемите што јавно и транспарентно беа изнесени, а во текот на нивната обработка за дел од нив беа понудени и соодветни решенија што се однесуваат на корените од каде што произлегуваат проблемите, односно на законските промени. Очекувани промени, како резултат на кампањата, се преземање чекори и реални мерки за соработка меѓу сите надлежни институции за решавање на проблемите и прашањата што како такви беа изнесени во кампањата и поткревање на јавната свест.

# 5 РАМНОПРАВНО УЧЕСТВО НА ЖЕНИТЕ

Рамноправноста и инклузијата се меѓу главните принципи што ИКС ги применува во секој проект. Во ИКС има хетерогена структура на вработени, на жените и на мажите им се дадени еднакви можности за работа, за водство, донесување одлуки, заработка, учење и за развој.

Родовата еднаквост и инклузијата беа водечки принципи на проектот „Поврзи ги точките“ од повеќе аспекти: соодветна застапеност на жените и мажите на менаџерски позиции, во проектниот тим, како и во водењето различни компоненти од проектот. Жените и мажите имаат еднакви можности да бидат дел од Алијансата „Разбистри сѐ“ и да ги соопштат своите ставови. Членка на Алијансата, на пример, е партнерска организација што работи на родови прашања. ИКС им дава насоки на своите соработници во креираните медиумски содржини да обезбедат еднакви можности за жените и мажите да ги изразат своите ставови. Во продукцискиот тим и во изворите на информации има балансирана родова застапеност.

Кога се спроведува контрола на квалитетот на медиумските содржини, се зема предвид родовата перспектива, а при претставувањето на решенијата и инспиративните примери свесно се избегнуваат предрасудите и стереотипите. Посебно внимание му се посветува на претставувањето на жените во медиумските содржини што се дел од проектот. Стереотипите се избегнуваат, а повеќе фокус се става на водечката улога што ја имаат, или треба да ја имаат жените во општеството.

Продуциравме неколку медиумски содржини и интервјуа во кои беа претставени жени што го креираат јавното мислење, граѓански активистки, жени што донесуваат одлуки, вршат надзор, бизнис-жени и иноваторки. Дополнително, соработувавме со Асоцијацијата на бизнис-жени во организирањето тркалезни маси со жени од руралните области, каде што е прикажана активната улога на жените во земјоделството и производството на храна.

Проектот покажа дека нема доволно свест кај јавните институции за важноста на родовиот баланс при донесувањето одлуки. Истражувањето што беше дел од проектот, пак, покажа дека во менаџирањето на природните ресурси доминираат мажи. Во некои институции недостига свест за тоа колку е важен процесот на консултации во кој ќе бидат вклучени помалку застапените групи, или влијанието на мерките, политиките или одлуките врз овие групи.

Проектот покажа дека има потреба од поддршка на локалните граѓански организации што работат на родови прашања за да има долгорочни придобивки. Исто така, покажа дека во известувањето на медиумите и во темите од јавен интерес недостига претставувањето на родовата димензија. Публиката е гладна за информации и подигање на свеста за родовите прашања. Потребно е да ги охрабриме жените повеќе да се вклучат и активно да се ангажираат за прашања како што се доброто владеење и подобри услуги од јавните институции.



## Гласот на жените во проектот „Поврзи ги точките“



Видеоприказната „Фосилните богатства на Македонија“, која ја објавивме на ДОМА, го прикажа палеонтолошкото депо на Природонаучниот музеј на Македонија и најбогатите палеонтолошки локации во земјава, кои се заборавени од надлежните. Во приказната е претставена Билјана Гаревска, единствен палеонтолог во Македонија. Таа го сподели своето искуство како единствена жена во оваа научна дисциплина. Работата на Гаревска е прикажана во медиумските содржини што го следеа ископувањето ретки фосили во с. Долни Дисан, заедно со тим колеги од Бугарија, при што таа е единствената жена. Приказната нагласи два важни аспекти – помогна медиумите да отстапат простор за научна област што ретко добива медиумско внимание и покажа дека Македонија има потенцијал за заштитени области. Исто така, отстапи медиумски простор за единствената жена-палеонтолог во Македонија, со што се руши стереотипот и се прикажува успешна жена-научник, тема што ретко ја има во македонските медиуми. Ова може да биде охрабрување за жените да работат во природните науки.

Во влог за РесПублика, професорката и активистка **Ана Мартиноска** ги претстави потценетите последици од пандемијата на ковид-19 врз жените. Таа презентираше аргументи дека пандемијата стана дополнителен товар за жените – поттикнува тивка пандемија на влошување на нивното здравје. Жените имаат домашни обврски, кои никој не им ги плаќа, тие се и негувателки и учителки, се грижат за домот, а расте и бројот на случаите на домашно и семејно насилство. Мартиноска укажа на потребата при донесувањето одлуки и креирањето политики државата да ги вклучи и перспективите на жените.

На РесПублика блог објави и писателката **Ана Голејшка-Џикова**, која претстави друга занемарена женска димензија во пандемијата, балансот да се биде авторка, вработена жена и мајка за време на пандемијата. Таа аргументира дека „тврдината“ на обврски расте за време на пандемијата, а жените, во недостиг од поширока општествена поддршка, ги користат сопствените вештини за самозаштита, за да ја завршат бескрајната низа обврски додека истовремено немаат простор ни време за себеси.

**Ана Аврамоска** од Националната мрежа против насилство врз жените зборуваше за невидливата пандемија на семејно насилство, во влог за РесПублика. Таа истакна дека додека имаше кампањи за време на пандемијата, за луѓето да седат дома, за многу жени домот не беше безбедно место. Анализата за фемициди на Националната мрежа против насилство врз жените покажала дека 60 отсто од жртвите биле убиени од својот интимен партнер. Аврамоска укажа на неопходните измени во Кривичниот законик за да се дефинираат и прецизираат термините „силување“, „сексуално вознемирување“, и „демнење“, затоа што насилството врз жените не е приватен, туку општествен проблем.

„Само прашај“ ја истражуваше работата за време на пандемијата на текстилните работнички во конфекциите во Штип, кои претежно се жени, и нивната битка да заработат пари за сопствените семејства, притоа работејќи во сектор што најтешко беше погоден од пандемијата.

Деканката на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје, **Ленче Алексовска–Величковска**, во влог за РесПублика укажа на потребата од зголемување на застапеноста на жените во спортот во земјава. Таа истакна дека во 2004 година имало 2 отсто присуство на жените во сите спортски организации, денес тоа е зголемено на 8 отсто, што сѐ уште е поразителна бројка. Алексовска-Величковска додава дека доколку се чека на секои дваесет години женското присуство да се зголемува за 5 или за 10 отсто, тогаш нема да има никаков напредок во спортот, а за да има повеќе жени во спортот и спортските организации, потребно е поголемо вложување.

## Кампањата „Разбистри сè“ претстави неколку жени со специфично искуство во области во кои жените се помалку застапени

**Данка Илијева**, која има фарма во селото Зрновци во источна Македонија, беше дел од медиумските приказни подготвени во кампањата за управување со водите. Таа укажа на потребата од функционален хидросистем за да се унапредат можностите за напредок во сточарството и производството на храна.

**Живка Ѓурчиновска,** претприемачка во земјоделството од гостиварското село Тумчевиште, ги сподели своите ставови за недостигот од водоснабдителен систем и ефикасно управување со водите, што влијае на земјоделството, производството на храна и на квалитетот на животот. Ѓурчиновска зборуваше за потребата од ефикасно користење на водата што треба да го следи производството на земјоделски култури.

**Видојка Герасимовска,** возрасна земјоделка, даде ретроспектива на тоа какво било порано земјоделството, а какво е сега. Нејзиното искуство беше од помош да се добие слика за континуитетот на земјоделките во земјава.

**Сузана Димитриевска** од селото Мустафино во источна Македонија веќе 15 години произведува органска храна како самоук производител на храна и претприемач. Со оглед на тоа дека водата ѝ е главен ресурс, Сузана нагласува дека водата, заедно со сонцето и ветерот, е важна за земјоделството и затоа водата треба да се одржува чиста и добро да се управува со неа. Според Димитриевска, потребна е обука за земјоделците за динамиката и начините на употреба на водата за наводнување, затоа што различните количества вода влијаат на квалитетот на храната.

**Соња Ангелевска-Колева** од Неготино е инспекторка по електротехника и спроведува надзор на квалитетот во електраните и производството на електрична енергија. Ова е ретка професија за жени, а таа работи на преземањето превентивни мерки за заштита на водата, почвата и воздухот. Со оглед на нејзината активна работа како застапник за чиста животна средина, зборуваше за потребата од системски решенија за заштита на животната средина и зачувување на биодиверзитетот. Работејќи како менторка на ученици по електротехника, таа исто така ги охрабри младите луѓе да го развиваат интересот за научната работа.

# 6 УСПЕШНА ПРИКАЗНА: КОЛКУ НÈ ЧИНАТ МАЛИТЕ ХИДРОЦЕНТРАЛИ?

Изградбата и работењето на малите хидроцентрали во Северна Македонија е прашање од јавен интерес што не беше застапено во јавниот дискурс. Тимот на ДОМА одлучи да ја истражи темата што се држеше во тајност, изгледа комплексна, а има огромно влијание на секојдневниот живот на граѓаните.

Македонија и земјите од регионот се соочуваат со предизвици кога станува збор за добивање енергија без да се уништи природата, а малите хидроцентрали изгледаат како едноставно и евтино решение. Истражувањето што го спроведе ДОМА покажа дека за малите хидроцентрали се потребни мали инвестиции, но тие значително ги користат речните води и влијаат на биодиверзитетот во и околу речните базени. Тие произведуваат значително количество енергија и добиваат значителни субвенции од Владата, што не значи и дека се економски исплатливи.

Медиумите ретко или никогаш не известуваа на оваа тема. Владата и јавните претпријатија не објавуваа податоци за малите хидроцентрали.

Тимот на ДОМА соработуваше со новинари, експерти, активисти од граѓанскиот сектор во истражувањето на оваа тема, објавувавме податоци со кои јавноста ја информиравме и ја едуциравме за изградбата и работењето на хидроцентралите. Зборувавме исто така и со сопственици на мали хидроцентрали за да прикажеме целосна слика за темата.





Меѓу повеќето медиумски содржини подготвивме документарци, кратки видеоприказни и написи во кои ги истражувавме изградбата, работењето и владината поддршка на малите хидроцентрали. Покрај ова, за првпат на платформата ДОМА изработена е дигитална карта на која се прикажани сите мали хидроцентрали во Македонија - нивната географска локација, податоци за сопственоста, периодот на лиценца, обемот на производство и субвенциите во 2020 година.

Успеавме да ги добиеме и да ги објавиме официјалните податоци за владината поддршка за сопствениците на малите хидроцентрали. Податоците покажаа постојано зголемување на бројот на малите хидроцентрали што се субвенционирани во Северна Македонија, како резултат на владината политика од 2010 година, што овозможува државниот оператор на енергетскиот пазар МЕПСО да купува енергија од преферентни производители по регулирана цена. Цената на крај ја плаќаат даночните обврзници, граѓаните, кои се консументи на електричната енергија. Покрај фактот што владата купува електрична енергија од други производители како ветерни фарми, фотоволтаични централи и електрани на биогас, највисоките исплати се за електрична енергија со преферирани тарифи за малите хидроцентрали.

## Истражувањето на темата за малите хидроцентрали ни помогна да дојдеме до следните научени лекции:

### Целосната слика за состојбите ги разбива митовите

Во медиумските содржини беа вклучени ставовите на екоактивистите, експертите и сопствениците на малите хидроцентрали. Со ова помогнавме јавноста да добие јасна слика за парите што ги троши државата на малите хидроцентрали, повратот на инвестициите, како и ефектот што малите хидроцентрали го имаат врз животната средина.

Медиумскиот тим ја преиспита економската исплатливост на малите хидроцентрали прикажувајќи дека 70 отсто од средствата за поддршка на енергијата од обновливи извори завршувале кај малите хидроцентрали, додека пак тие придонесувале кон снабдувањето со енергија со 3,8 отсто. Податоците што ги собравме во текот на истражувањето покажаа дека владината поддршка била најповолна за лицата и компаниите што се сопственици на мали хидроцентрали.

Екоактивистите истакнуваат дека малите хидроцентрали влијаат на нивото на реките и на биодиверзитетот. Тие исто така тврдат дека малите хидроцентрали се градат во заштитени подрачја и национални паркови, наспроти владините препораки. Екоактивистите сметаат дека зголемениот број на малите хидроцентрали доведува до намалување на нивото на реките, нивно сушење, изменет водотек, што пак влијае на биодиверзитетот и е опасно за животната средина.

## Упорноста е клучна за да постигнеш резултати



Кога тимот новинари од ИКС ја истражуваа темата за малите хидроцентрали, се соочија со неколку предизвици. Јавните институции не објавуваа податоци за субвенциите, имаше само неколку експерти и активисти од граѓанскиот сектор што работеа на оваа тема и многу мала медиумска покриеност. Со макотрпна работа и истрајност, тимот успеа да направи медиумски продукти што дадоа целосна слика за прашањето што го истражувавме, имаше широка публика и предизвика одговор од владата што резултираше со објавување на податоците за економската исплатливост на малите хидроцентрали.

## Сите засегнати страни треба да бидат вклучени

Со оглед на чувствителноста на прашањето за малите хидроцентрали, сите засегнати страни и релевантните лица беа вклучени во медиумските содржини и ги презентираа своите ставови: експертите што работат на темата, службените лица и сопствениците на малите хидроцентрали. Со ова помогнавме да зајакнат аргументите, истовремено експертите, активистите и службените лица да добијат платформа да дискутираат за темата, а јавноста да слушне различни мислења. Ова беше можност за експертите да презентираат различни решенија за обновливите извори на енергија како што се ветерот и сончевите колектори и да презентираат зошто е потребно владите во регионот да инвестираат во соларната енергија, како одржливо решение.

## Искуството и партнерствата се најважни за соработка на теми од регионот

Енергетската независност се покажа како заедничка тема за земјите од регионот. ДОМА ја претстави националната слика на Северна Македонија и презентираше ставови од регионот за енергетската независност и алтернативните извори на производство на енергија. Тимот на ДОМА ги претстави примерите на Србија, како и на Босна и Херцеговина, обидувајќи се да најде одговори за надминување на енергетската криза во регионот. Истражувањето покажа дека и овие две држави имаат модел на субвенционирање на малите хидроцентрали и недоволно користат алтернативни извори на енергија. Со оглед на фактот дека ИКС има искуство во регионот од порано, беше лесно да се најдат партнери и релевантни соговорници за да се подготват квалитетни медиумски приказни од Србија и Босна и Херцеговина.

## Со јасни податоци, медиумските содржини се приемчиви за публиката

Деталните и јасно презентирани податоци се од помош при презентирањето цврсти аргументи за ниската економска исплатливост на малите хидроцентрали. Податоците беа преточени во читливи бројки, пораките беа составени на јасен и едноставен јазик, што помогна медиумските содржини да бидат лесно приемчиви за публиката.

## Граѓанскиот сектор може да го промени начинот на работа на институциите

По објавените стории на платформата ДОМА, Државниот инспекторат за животна средина (ДИЖС) отвори истрага за работата на малите хидроцентрали за кои имаше наводи дека работат спротивно на законот. Директорката на ДИЖС јавно изјави дека малите хидроцентрали што се тема на обработка во документарците на ДОМА (МХЦ „Белица“ и МХЦ „Лешница“) работеле спротивно на законот или ги нарушиле условите и процедурите за работа, а Инспекторатот планира да преземе дејства против нив за да се реши прашањето за штетниот ефект врз животната средина што го предизвикуваат малите хидроцентрали.

Наодите на тимот на ИКС ги потврди извештајот за усогласеност што го подготви Државниот завод за ревизија, за експлоатација на водните ресурси при производството на електрична енергија за периодот 2012-2021 година. Извештајот откри дека во периодот 2012-2021 година на малите хидроцентрали им биле исплатени 90 милиони евра, т.е. 40 милиони евра повеќе од нивната пазарна вредност,

поради легално обезбедените тарифи врз основа на 20-годишни договори, на трошок на крајните корисници. Ревизијата откри дека имало недостиг од системски пристап во проценувањето и давањето дозволи за изградба на малите хидроцентрали, недостиг од координација и недоволна контрола од надлежните институции. Тоа што не постои функционален систем за проценка, одобрување и процедури за надзор, а нема ниту податоци, ниту целосен преглед на работата на малите хидроцентрали, предизвикува тешкотии во лоцирањето на одговорноста. Резултатот е неточна слика за ефектот што малите хидроцентрали го имаат врз животната средина и за мерките што е потребно да бидат преземени за заштита на природните ресурси и биодиверзитетот.



Сето ова е поддршка на напорите за застапување и лобирање што Алијансата „Разбистри сè“ ги прави, со кои бара владините институции да бидат транспарентни кога станува збор за малите хидроцентрали, со оглед на тоа дека нивната работа има поширок ефект во општеството, поврзувајќи ги отчетноста, квалитетот на животот и животната средина.

# 7 УСПЕШНА ПРИКАЗНА: РАМПА ЗА БЕЗЗАКОНИЕТО ВО УРБАНИЗМОТ И ГРАДЕЊЕТО

Кампањата за соодветно урбанистичко планирање и заштита на животната средина што ја водевме со граѓанските организации е пример за клучната улога што граѓанскиот сектор може да ја има во заштитата на јавниот интерес.

Во изминатите две децении урбанистичкото планирање во Скопје беше контроверзна тема. Имаше наводи за незаконско работење на општините, особено во централното градско подрачје на Скопје. Експертите гласно говореа за несоодветното урбанистичко планирање и за серија одлуки водени од политички или бизнис-интереси, наместо од јавниот интерес.

Општина Центар прогласи мораториум за градби во 2017 година. По претставка што ја поднесоа Градежната комора и Стопанската комора на северозападна Македонија во 2019 година, Уставниот суд ја отфрли одлуката за мораториум. Мораториумот набргу повторно беше воведен со одлука на општинските власти, но се однесуваше на ограничен број барања. Ова овозможи во текот на 2020 и 2021 година да се активираат или да се добијат одобренија за градба и да почне изградба на повеќе објекти во централното градско подрачје, многу од нив проследени со реакции на граѓаните.

Престанокот на мораториумот овозможи да се градат висококатници во близина на хотелот „Холидеј ин“, во сомнителен случај што предизвика контроверзии. Заедно со граѓанските организации поведовме кампања против изградбата на висококатници со оглед на тоа дека се отворија две важни прашања за граѓаните – зголемено загадување и наводи за незаконско работење на институциите.









## Кампањата помогна да дојдеме до следните научени лекции:

### Граѓанскиот сектор има моќ да го формира јавното мислење

Кампањата што ја водевме заедно со граѓанските организации отвори дебата за урбанистичкото планирање, привлече големо медиумско покривање и доведе до создавање потреба кај граѓаните да бараат одговор од владините институции за тоа како се носат одлуките што директно влијаат на животната средина и врз квалитетот на животот. Кампањата се состоеше од следните активности:

- Објава на улогите и одговорностите на институциите, со што јавноста доби информации за тоа каде лежи одговорноста.
- Објава на приказ на планираната градба, при што свои квалификувани мислења даваа архитекти, што го поттикна вниманието на јавноста и медиумскиот интерес.
- Онлајн-петиција, која ја поддржаа неколку илјади граѓани.
- Во кампањата против изградбата на висококатниците се приклучија влијателни луѓе од академската заедница, граѓанскиот сектор, медиумите.
- Градоначалниците на Општина Центар и на Град Скопје, како и министерот за транспорт, беа принудени јавно да ги образложат причините за донесените одлуки со кои се дозволува градбата.

## Здружената граѓанска акција помага институциите да станат отчетни

Граѓанската организација, во соработка со повеќе партнерски организации, може успешно да бара и да издејствува реакција од владините институции. Кампањата што ја водевме заедно со партнерите доби широка јавна поддршка и ја наметна темата за урбанистичкото планирање и животната средина во фокусот на известувањето на медиумите. Со ова се стесни просторот за маневар на јавните институции, кои мораше јавно да ги образложат причините за одлуките што ги донеле и низ кои процеси дошле до нив.

## Граѓанскиот сектор може да придонесе за општествени промени

Кампањата доби широко медиумско покривање. Партнерството со архитектите и експертите помогна да се објават значително количество податоци и квалификувани мислења за недостигот од соодветно урбанистичко планирање во Скопје, како и објаснување за тоа како општинските одлуки за урбанистичко планирање влијаат на квалитетот на животот на граѓаните. Престанокот на мораториумот и немањето волја кај институциите да дејствуваат овозможија да продолжи несоодветното градење. Сепак, поради упорноста во кампањата, граѓаните дознаа повеќе за тоа како одлуките што ги носат општините влијаат врз нивниот секојдневен живот.



Животната средина стана популарна тема, една од главните во партиските програми за локалните избори во 2021 година, каде што за прв пат имаше значителен број независни листи на кандидати. Во некои општини, како Центар, гласот на независните советници ќе биде решавачки фактор за одлуките што ќе ги носат советите на општините и градоначалниците. Со ова во пракса се покажува влијанието што граѓанскиот сектор може да го има на среден и на долг рок за подобрување на транспарентноста, отчетноста и доброто управување со институциите.

# 8 ПАНДЕМИЈАТА НА КОВИД-19 НАМЕТНА СОПСТВЕНА ДИНАМИКА И РАЗЛИЧНИ ТЕМИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС

Во Институтот за комуникациски студии (ИКС) како одговор на пандемијата на ковид-19 значително го изменивме начинот на кој функционираме, а истовремено успеавме навремено да ги спроведеме активностите. Во голем дел од работата користевме дигитални алатки, имаше зголемена комуникација со партнерите и флексибилен пристап кон медиумските содржини, а истовремено фокусот остана на прашањата за добро владеење и граѓанско учество.

Во почетокот на пандемијата си поставивме цел да обезбедиме одговори на прашањата од јавен интерес за време на вонредната состојба и по нејзиното завршување. Ги истражувавме темите за јавните набавки, одлуките и владините уредби во тој период, правилата на полицискиот час, третманот на пациентите, вакцинацијата. Се грижевме да добиеме и одговори на прашањата од граѓаните, понудивме широк спектар ставови на луѓе од медицината, образованието, културата. Објавивме значителен број медиумски содржини, со тоа што две третини од нив се однесуваа на пандемијата на ковид-19.

Ја следевме транспарентноста на владините институции за објавените податоци за бројот на инфекциите и за мерките за справување со пандемијата. Целта беше да информираме, да ја подигнеме јавната свест, да ги едуцираме граѓаните за ковид-19 и да се изгради доверба меѓу граѓаните, институциите и медиумите.

## Работењето во време на пандемијата на ковид-19 ни помогна да дојдеме до следните научени лекции:

### Приспособете се на промените и околностите!

Почнувајќи од ноември 2020 година, во ИКС започнавме со спроведување обука на млади новинари. На отворениот повик се јавија 27 апликанти на национално ниво, а комисијата за селекција избра 22 учесници. Обуката се одвиваше онлајн, иако првичниот план беше да се обучат 10 учесници со физичко присуство. Обуката беше целосно приспособена да може предавањата да се одвиваат со користење дигитални алатки. Обучувачите и учесниците комуницираа преку интранет-систем, кој го обезбеди ИКС. Поголем број од учесниците беа во втора или трета година на студии по новинарство и односи со јавноста, како и вработени што работат со дигитални комуникации и имаат потреба да ги унапредат своите техники за пишување. Предавањата ги држеа искусни новинари, со



повеќегодишно професионално искуство во работењето и раководењето со редакции и уреднички тимови во медиумите.

Водени од заложбата за подигање на свеста за последиците од пандемијата на ковид-19, подготвивме електронски билтен во кој збирно беа прикажани содржините поврзани со пандемијата што се објавуваа на платформата РесПублика. Билтенот содржеше куса обработка на главните блогови, влогови и поткасти објавени на теми поврзани со ковид-19 и се дистрибуираше до јавните институции, невладините организации, до медиумите и студентската заедница.

## Подгответе се за непознатото и неочекуваното!

Пандемијата покажа колку брзо може да се случи огромна промена во животот и работата на луѓето. Од нив се бара издржливост, а од организациите да активираат планови за управување со кризи.

Поради претходното искуство со работењето во криза и различното портфолио на вештини што ги имаат вработените во ИКС, брзо успеавме да се реорганизираме и да продолжиме да даваме резултати во согласност со програмата за работа. Не запревме да подготвуваме и да објавуваме нови содржини. Содржините редовно ги објавувавме на платформите ДОМА, РесПублика и Само прашај. ИКС ги презеде потребните мерки на претпазливост за безбедност на вработените, се работеше од дома, се користеа дигиталните платформи за комуникации, а резултатите од работата го задржаа квалитетот.

Голем број јавни институции во земјата работеа со намален капацитет, поради што беше предизвик да обезбедиме одговори на прашањата од граѓаните на платформата „Само прашај“. Поради широката мрежа на институции со кои соработуваше ИКС, немаше застој во обезбедувањето на оваа услуга за граѓаните. Дури, Централниот регистар на Северна Македонија ни се обрати за соработка за различни прашања што ги добиваат од граѓаните, за да им помогнеме да обезбедат одговори.

## Благосостојбата на вработените треба да се одржи

Пандемијата ја покажа потребата од фокусирање на човечките ресурси и одржување грижа за вработените и нивната благосостојба. ИКС е организација што е посветена на постојано инвестирање во своите вработени, им овозможува на вработените да работат на своето образование, да стекнат нови вештини, да го прошират своето знаење, да го унапредат личниот развој и да го одржат балансот меѓу работата и приватниот живот.

# 9 МЕТОДОЛОГИЈА

Прегледот е подготвен со помош на методологија создадена за проценка на начинот на спроведување на проектот „Поврзи ги точките“.

Надворешно стручно лице за комуникации и пишување ги анализираше проектните документи. Разгледана е целосната документација - поднесувањето на предлогот на проектот, наративните и финансиските извештаи за неговото спроведување, презентациите за проектот и кампањата „Разбистри сѐ“, како и најновата матрица за резултатите од проектот. Стручното лице ги анализираше студиите на случај за достигнувањата на проектот, медиумските продукти што се подготвени во текот на проектот, како и медиумското известување за активностите и резултатите од проектот.

Во проектот се утврдени компоненти што беа успешно спроведени, како и одредени успешни примери. Селектирани се примери што ќе бидат дел од прирачникот за научени лекции: урбанизам – случајот на изградба на висококатници спроти хотелот „Холидеј ин“, одобренијата и изградбата на малите хидроцентрали, регионалната соработка на заеднички теми во земјите од Западен Балкан и кампањата за застапување и лобирање „Разбистри сѐ“.

Тимот на ИКС одржа неколку интерни дискусии за научените лекции од спроведувањето на проектот. Ги разгледавме достигнувањата на проектот за да ги утврдиме активностите што доведоа до успех, или пак оние за кои е потребно подобрување во иднина, како и активностите што може да ги применуваат и други организации.

Подготвивме и преку интернет дистрибуиравме прашалник до партнерските организации на национално ниво, како и до организациите во регионот. Целта беше да добиеме информации од нашите партнери за можностите за соработка на проектот, да извлечеме различни ставови и искуства. Крајниот чекор беше пишувањето на прегледот.

ИКС смета дека објавувањето на овој преглед на научени лекции ќе биде од корист за други граѓански организации што планираат да подготват и да спроведат проекти што се фокусираат на грижата за јавниот интерес, преку процеси на создавање коалиции, креирање потреба за отчетност на институциите и кои имаат за цел промена на политиките што ги креираат јавните институции.





# 10 ПРОЕКТОТ НИЗ БРОЈКИ

## Објавени медиумски продукти

**546** новинарски стории

**335** блогови - редовно објавувани од 16 медиуми, партнери на национално ниво

**54** влогови

**152** медиумски продукти што содржат родова компонента

**24** поткасти

**18** документарци

**42** интервјуа

**23** мултимедијални истражувачки стории

**88%** од медиумските продукти се споделени од националните медиуми,

**54%** од регионалните медиуми



Подготвени и објавени се 6 документи за политики

Учество во процес на консултации за 4 законски решенија

Спроведени се 2 обуки за застапување и лобирање

Комплетирани се 2 модули на обука за млади новинари

Спроведена е обука за 22 млади новинари

Издавач:

Институт за комуникациски студии

ул. „Јуриј Гагарин“ 17-1-1, Скопје

www.iks.edu.mk

Уредник: вон. проф. д-р Жанета Трајкоска

Едиција: ResPublica

Лектор: Ружица Пејовиќ

Графички дизајн: Зоран Кардула

Печати: Винсент Графика

Тираж: 50

Година на издавање: 2022

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

316.354:321.7(497.7)(083.94)
061.2:321.7(497.7)(083.94)

ЗДРУЖЕНИТЕ граѓани најдобро го штитат јавниот интерес : научени лекции од проектот „Поврзи ги точките“. - Скопје : Институт за комуникациски студии, 2022. - 62 стр. : илустр. ; 19 см. - (Едиција ResPublica)

Финансиер: Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје, Поврзи ги точките: Подобрени политики преку граѓанско учество

ISBN 978-608-4805-19-9

а) Граѓански организации -- Активности -- Македонија -- Проекти б) Невладини организации -- Граѓански активизам -- Македонија -- Проекти

COBISS.MK-ID 56787717



Институт за
комуникациски студии

Институт за комуникациски студии
ул. „Јуриј Гагарин“ 17-1-1, Скопје
**info@iks.edu.mk; 02 30 90 004**
**www.iks.edu.mk**

British Embassy
Skopje

UKaid
from the British people

Овој производ е подготвен во рамки на проектот „Поврзи ги точките: Подобрени политики преку граѓанско учество" финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.